# ШКОЛА НА МЛАДИ МАРКСИСТИ

## За работата на единаесеттата и дванаесеттата сесија на школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски“

Единаесеттата сесија на Школата на младите марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски“ се одржа во Отешево на 14 и 15 декември 1979 година. Сесијата расправаше по темата „Југословенската социјалистичка револуција и нејзините субјективни сили“.

Уводно излагање поднесе другарот Киро Хаџивасилев, потпретседател на собранието на СФРЈ. Школата работеше во три секции. Во дводневната работа на 130 младинци од средните училишта, факултетите и ОЗТ од нашата Република, како и посетителите на Политичката школа на ЦК СКМ од Скопје и паралелката од Битола, беше водена мошне плодна и творечка дискусија за југословенската социјалистичка револуција и за задачите на субјективните сили во нашето општество. Со свои трудови настапија голем број млади творци од нашата Република.

Младите марксисти исто така се договорија следната, 2-та сесија, да работи на тема „Историските корени и цели на неврзувањето“.

Од Наставно-научната студиска група за историја во работата на сесијата учествуваше м-р Кочо Сидовски со соопштението „Учеството на македонските социјалисти во револуционерното национално-ослободително движење“, а потоа свои соопштенија поднесоа и следните наши студенти: 1. Трпчевска Виолета „Младината и социјалистичкото самоуправување“; 2. Ангелковска Снежана „Титовата концепција во организирањето и развојот на вооруженото востание“; 3. Јордановска Светлана. Студентите Гигова Елизабета и Туриманџова Бранислава беа поканети како гости преку „Клубот на младите историчари“.

Дванаесеттата сесија на Школата на младите марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски“ се одржа во Стар Дојран на 13 и 14 мај 1980 година. Сесијата расправаше по темата „Историските корени и цели на неврзувањето“. Таа оваа година собра голем број учесници. Учествуваа повеќе од двеста младинци, беа поднесени 146 соопштенија, а во дискусијата учествуваа 104 слушатели.

Дванаесеттата сесија ја отвори претседателот на Сојузната конференција на ССМЈ Васил Топурковски, потврдувајќи го гигантското дело на другарот Тито кое револуционерно ја промени не само нашата туку и меѓународната политичка заедница. Притоа ја објасни определбата оваа сесија да ја обработи темата „Историските корени и цели на неврзувањето“, нагласувајќи дека движењето на неврзувањето е резултат на едно човечко дело, кое има свое место во историјата.

Уводно излагање пред младите марксисти и гостите од Републиката, кои досега учествувале во реализирањето на програмата на Школата, поднесе членот на Претседателството на ЦК на СКМ Димче Беловски. Зборувајќи за политиката на движењето на не-

врзаните, тој во своето излагање ја потенцираше огромната улога и придонесот на другарот Тито во основањето и во градењето на најмасовното политичко движење во историјата на човештвото.

Школата на младите марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски“, по свеченото отворање, работеше во три секции, на кои кореферати поднесоа Владимир Ортаковски за појавите, целта и карактерот на неврзаноста, магистерот Душко Симовски за улогата на неврзаноста во современите меѓународни односи и Тихомир Илиевски за местото и улогата на СФРЈ и другарот Тито во формирањето и развојот на неврзаноста.

Инаку, како што рековме, дванаесеттата сесија работеше во три секции. Првата расправаше за потеклото, целите и карактерот на движењето на неврзаните, втората за неврзаноста во современиот свет, а третата за придонесот и улогата на претседателот Тито.

И во дискусиите и во соопштенијата беше нагласена улогата на претседателот Тито. Зборувајќи за тоа, беше речено дека определбата за независност и самоопределување кај нас датира уште од доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ во 1937 година и од нашата автентична Револуција. Одговорноста пред сопствената работничка класа и народот и изградбата на сопствениот пат во социјализам претставуваат појдовни основи на нашето определување за политиката на неврзувањето. Улогата на претседателот Тито е потврдена и со специјалната резолуција на Шестиот самит во Хавана, со која му се оддава посебно признание.

Во соопштенијата и дискусиите се истакна суштината на неврзувањето како самостоен, независен и вонблоковски фактор, со антиколонијален и антиимперијалистички карактер и со насоченост против сите облици на странско мешање и против сите облици политичката и економската доминација.

Учесниците во дискусијата, зборувајќи за целите на неврзувањето, истакнаа дека тоа се стреми кон мирот, безбедноста, независноста и слободата, кон рамноправноста на сите земји, разоружувањето, економскиот развој и намалувањето на јазот меѓу развиените и неразвиените, како и за демократизација на меѓународните односи.

За последниот самит во Хавана — главниот град на Куба, одржан од 3 до 7 септември 1979 година, беше истакнато дека ги потврди основните и трајните цели и принципи, кои се формулирани уште во Белградската декларација. Исто така, на Шестата конференција на шефовите на државите или владите на неврзаните земји е зајакнато акционото единство и солидарноста на неврзаните земји и дека е засилена свеста за потребата од потпирање врз сопствените сили.

На пленарната седница, со која заврши сесијата, е потврдено непроценливото дело на другарот Тито во изборот на автентичниот развоен пат на нашето општество и меѓународното определување, кое ќе остане траен белег.

На сесијата исто така е договорено следната, 13-та сесија, да работи на тема „Моралот на социјалистичкото самоуправно општество“.

Од ННСГ за историја при Филозофскиот факултет во Скопје во работата на сесијата со свои соопштенија учествуваа м-р Кочо Сидовски „Бандуншката конференција — претходница на неврзаното движење“; м-р Маргарита Ристеска — Пешевска „Неврзаноста — фактор на мирот во светот“ и студентите Фазли Камуран „Неврзаното движење како вонблоковски правец“; Димитриова Силвана „Југославија и претседателот Тито — основачи на неврзаното движење во светот“; Николов Миланчо „Неврзаните земји и затегнатоста во светот“; Јорданоска Светлана и студентката на Интердисциплинарните студии по новинарство Мишевска Лидија „Историските корени на неврзувањето“ и Иванова Јадранка „Првата конференција на неврзаните во Белград“.

Кочо СИДОВСКИ

## XIV ЗАСЕДАНИЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКО-ЧЕХОСЛОВАЧКАТА ИСТОРИСКА КОМИСИЈА (одржана во Стубичке Топлице, од 30. IX до 4. X 1980 год.)

Работата на XIV заседание на оваа Комисија се одвиваше според следниов редослед:

На 29. IX попладне се утврди дефинитивната програма на XIV заседание (измени и дополнувања).

На 30. IX почна **Научниот собир на тема: Економските, општествените и политичките прилики во Југославија и Чехословачка од 1918 до 1929 година.**

Со уводните и поздравните говори на претседателите на југословенската и чехословачката секција на Комисијата, д-р Никола Петровиќ и д-р Владислав Штјасигни, како и на претседателот на Организациониот одбор, д-р Хрвоје Матковиќ, се изврши отворањето на работата на XIV седница на Комисијата и на нејзиниот Научен собир.

Потоа, со пригодно кратко излагање беше промовиран зборникот „Минхенскиот договор, југословенските и чехословачките народи“, којшто го издадоа: Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија (СДИМ), Југословенско-Чехословачката историска комисија, Катедрата по историја на Филозофскиот факултет во Скопје и Институтот за национална историја. Во зборникот се објавени рефератите од истоимениот Научен собир, одржан во 1978 година во Скопје. При промовирањето на зборникот претставникот на СДИМ, д-р Ристо Поплазаров, го истакна големото научно значење на оваа обемна книга, која е труд на истакнати специјалисти-историчари од СФРЈ и ЧССР. Споменатите претседатели им изразија благодарност и пофалност на македонските колеги и на факторите кои учествуваа во издавањето на зборникот. Д-р Хрвоје Матковиќ, покрај пофалните зборови, изјави дека Сојузот на историчарите на Хрватска ќе го следи примерот на македонските колеги во издавањето на рефератите од XIV заседание.

Во продолжение се одржаа 4 седници на Научниот собир, со